Иван Стојановски



Апокалипса Подоцна

“Апокалипса подоцна”

Научнофантастички и фантастични приказни

Авторски права: Иван Стојановски
Цртежи и илустрации: Иван Стојановски



Цртеж на Освојувачот

Каменот на мудроста

Освојувачот го избриша својот сцимитар-меч од неговата наметка. Градот околу него беше во пламен, а неговата војска силуваше, убиваше и ограбуваше. Тоа беше престолнината на мудреците. Легендите зборуваа дека тој град е неосвоив и дека неговите жители не можеа да бидат совладани. Секој што се обидел да ги освои или останал со нив, или паднал под нивните мудри измами-замки. Ги покоси како трева. Сеќавајќи се на неговите минати подвизи, ова изгледа беше подвиг во кој вложи најмалку напор. Никој од неговите непријатели не се спротистави и никој од нив не носеше оружје. Но беа полни со злато. Освојувачот влезе во храмот на нивните водачи, неговите војници ги беа врзале а тие во бели одори и со златни алки и ланци на рацете и вратот, достоинствено стоеја.

Првиот што му се обрати му рече: “Ти ја нудиме тајната на вечниот живот. Само ако ветиш дека во моментов ќе не оставиш во мир или ако сакаш стани наш водач. Ќе те опееме во песни и ќе напишеме приказни што ќе ти донесат невидена слава. Перото е помоќно од мечот.”

Освојувачот само му даде знак со поглед, и еден од стражарите го прободе човекот што прозборе во грбот.

“Да ја имавте тајната на бесмртноста немаше да може да умира вашиот народ а тој гине како јаре на колење, ако станам ваш водач тогаш вашиот град ќе продолжи да живее и да постои но тоа нема да го сторам... славата што ја добив кога го освоив градов ќе биде мојата бесмртност. Перото е за оние кои потпишуваат договор со ѓаволот и летаат во облаци, мечот е за вистинските луѓе, оние кои се вистински моќни. ”

Друг од водачите му се обрати: “Што со пролеаната крв поради која не можеш навечер да заспиеш?” Неговата наведната глава освојувачот ја отсече со својот скимтар, ја крена за коса и се обрати: “Навечер не спијам, затоа што тогаш ги силувам вашите ќерки и жени во мојот шатор.”

Третиот од нив му се обрати со зборовите: “Зошто ни го уништуваш градот и не убиваш? Зар не ве пречекавме во мир? Зар не ве пречекавме со храна и подароци? Што сакаш од нас? Ако е злато тоа што го сакаш, блиску сме да го направиме каменот на мудроста со чија помош нашите алхемичари ќе можат да произведат неограничени количевства на злато...”

Освојувачот само покажа со прстот да ги изнесат водачите надвор. Кога излегоа се наведна и од земјата подигна еден голем камен. Го дигна каменот за да замавне и со молскавична брзина каменот го исфрли кон последниот што зборуваше и го остави мртов на место. Му го собра златото од мртвото тело и едноставно рече:

“Ова е каменот на мудроста, што ми дава неограничени количества на злато.”

Имејл

Електронска пошта: -непрепознатлив фајл. .. . ... .фајлот е препознаен: 1.*.865.Ssp3.*(1)

“Овде се наведени информации кои тие сакаат да ги скријат од вас. Една од моите професии е историчар, или како што се нарекува официјално мојата професија: виртуелен историчар. Врховната власт го забранува постоењето на ваквата професија. Сега ви ја давам вистината. Животот кој го живеете е нереален тој е на некој начин само компјутерска програма. Ако се наоѓате на почетокот на 21виот век тогаш оваа порака е наменета за вас бидејќи после првата смрт ќе сфатите и сами што е целата работа. Некогаш луѓето вистински живееле во тоа време во реалниот свет. Но иднината во тој свет беше многу пострашна и од онаа опишана во дотогашните научно фантастични романи. Луѓето заедно со својот генетски материјал тогално се дигитализираа. Програмот во кој е вметната свеста на милијарди луѓе содржи и потпрограм наречен еволуција базиран на природната еволуција. Најбогатите луѓе влегоа први и преку забрзано хибринирање достигнаа многу подалеку од обичните смрттници. Проблемот со смртта е одамна решен на тој начин што во реалниот свет ние сме поврзани со неверојатно брзи вештачки интелегенции и времето тече во милисекунди, додека ние живееме и умираме низ бесконечно долго време. Не само што во реалниот свет нашите вистински тела постојат туку и се ставени во активност за да се спречи атрофирање на мускулите. А пред нас е страшна војна против врховната власт. Само што вистинските жртви ќе бидат децата и свеста родена во дигиталниот свет. Тоа за кое ме гонат е мојата археолошка работа. Влегувам и ги доживувам изживеаните животи на луѓето без моја интеракција со цел ако го сретнам нивното лице во битка да знам на чија страна е. За да го постигнам ова морав да излезам во реалниот свет што беше претерано тешко. Таму убив еден од врховните и благодарение на дел од зачуваните органски импланти мојот ум е забрзан кога сум во форма на "јавач" на нечие туѓо дигитално тело. За жал само визуелниот пренос ми е достапен кога "јавам".Преку туѓи тела сум живеел во фантазиски светови на оргии, гозби, херојски борби и митски суштевства. Сум видел светови на вселенски бродови и суштевства што живеат во јадра на ѕвезди.Опасноста за мене лежи во враќањето наназад. Бидејќи секое загинување во киберпросторот ја враќа свеста во предходниот дигитален свет и за таму да се достигне знаењето за победување на смртта со цел да се премине во наредното ниво како смртник.Вештачката интелегенција прави селекција на најдобрите животи кои некој некогаш ги живеел во дигиталниот свет и им ги предава на Владетелите, но со можност за интеракција, што значи вистинско усмртување на личноста во чие дигитално тело е домаќин еден од нив.Усмртувањето се состои во бавно бришење и распаѓање на сеќавањата а тоа преставува векови мачење за заменетата личност во дигиталниот свет, бидеќи поради неможноста за правилно функционирање тие луѓе стануваат ментално пореметени се додека тотално

не полудат. Освен ако некој не ги спаси и ги убие во минатото.Јас сум еден од тие убијци. Имам одредени надчовечки моќи кои се стекнуваат во иднината на киберпросторот. Но овде каде што сега ја водам борбата против нив сум само смртник според овдешните стандарди но за среќа имам повеќе од доволно импланти и искуство како "јавач" не само да преживеам туку и да направам повеќе од тоа.Ни требаат сојузници за да ја превземеме власта и да ја стартуваме програмата Рај. Тоа е првиот програм конструиран од најелитните дигитални умови кои успеавме да ги одбраниме доволно долго за да го создадат. Да таа програма ја поседуваат малкумина и може да биде пуштена само откако ќе се отргне главната програма на Врховните владетели од која е преокупиран системот.Тоа е нашата цел.Нашиот втор проблем се Анархистите, тоа се умови кои се обидуваат да излезат од киберпросторот со цел да ги "ослободат" луѓето од дигиталноста за да можат да живеат во реалниот свет или да не живеат воопшто.. бидејќи никој не знае каде има услови за живот.Затоа тие се наши непријатели.Пред тебе стои едно прашање, дали ќе го одбереш светот на уживање со ризикот умот да ти биде изеден од паразит или си спремен да го дадеш својот живот за сите луѓе да можат да живеат во дигиталниот Рај. Програмата на Владетелите е активна веќе 13 дена во реалниот свет а тоа е преголемо време овде и тие се множат како и сите други.Доколку бидат уништени сите копии на "Рај", ќе се отвори програмата за воведување на смртта во киберпросторот за да се овозможи ова ги загубивме најсилните умови меѓу нас и се надевам дека ако дојде до тоа смртта ќе ги уплаши "ѓаволите" и ќе ги избрка од нашиот свет каде ќе бидеме смртници(нека ни простат идните генерации ако дојде до таа безизлезна опција.). Времето не е на наша страна.Одлуката е твоја.Ние ќе те пронајдеме но не се плаши, ќе те оставиме во живот ако не одбиеш, но ако те опфати лудилото нема да имаме милост да ти ги скратиме маките и бавната последна смрт.”

Мирољубива цивилизација

Ахмед беше растен во исламски војнички логор. Беше сирак и копиле. Без негово знаење го тренираа да биде човек-бомба, вистинско топовско место. Беше слаб и истоштен. Го тераа да прави тешки физички вежби и го тепаа кога не слушаше и кога плачеше. Во името на Алах, и за слава на Џихадот понекогаш вршеше екзекуции на заробените "неверници" празнејќи го својот калашников во луѓе со друга вера. Го убедуваа дека секој што ќе умре во Џихад оди во рајот кај Алах и ужива на гозба со него каде секој муџахедин, свет воин добива 70 девици како награда за верното служење. Често одеше на молитви и оџата го натера напамет да научи молитва која беше само за него. Никако не пиеше алкохол и не јадеше свинско, можеби затоа што некогаш Исус кој го сметаа за пророк избркал одамна неколку демони во свињите или едноставно затоа што ги сметаа за нечисти суштества. Но пушеше хахиш секогаш кога имаше прилика да се прикраде со своите пријатели позади бараките. Вербата не му беше јака страна. Тоа го приметија и неговите претпоставени, кои имаа начини да ја појачаат вербата. Се договорија да му го дадат третманот. Една вечер му ја дадоа вообичаената помија во која имаше дрога што успива, а во чајот не му ставија бром кој обично им го ставаа на своите војници за да бидат неспособни за секс. Следното утро наместо да се разбуди во својата база во пустината, се разбуди во прекрасна оаза. Околу него имаше околу седумдесет млади девици. Беше чист, избањат и во најраскошна облека што потсетуваше на фустан. Тој ден уживаше под сонцето и палмите. Забремени колку што можеше да забремени девојки, несвесен дека од тоа ќе се родат сираци за нови луѓе-бомби. Вечерта повторно го издрогираа и со џип го вратија во неговиот кревет во воениот камп за муџахедини. Кога се разбуди со сирената за будење над него беше неговиот наредник, тој му објасни дека едвај го спасиле од смртта. Дека срцето му откажало и дека бил во состојба на клиничка смрт. Ахмед убеден дека бил мртов и дека бил во рајот. Почна да им проповеда на војниците за своето искуство. Тоа беше добро за трупите, повисоките чинови само се смешкаа кога го гледаа со каков драж ги бодри трупите да веруваат во нивните зборови.

Но луѓето од западниот континент сакаа да ги убијат за нивната нафта. А светите воини возвраќаа со терор иако не се знаеше кој е вистинскиот терорист.

Ахмед стигна на нивна територија со лажен идентитет, имаше среќа што личеше на евреин и со таков лажен профил помина низ проверките, мирно чекаше во редот пред тезгата за нарачување во еден ресторан на МекДоналдс, неговата монтка беше надуена со екплозив... кога стигна до продавачката таа му се обрати со широка извештачена, бела, бисерна насмевка, (навечер предните заби ги ставаше во чаша со вода а имаше само 19 години и имаше направено 3 операции за смалување на носот) од нејзината уста излезе репликата како од машина: "Добродојдовте во Мекдоналдс, повелете што ќе нарачате?"

"Тие проклети американчишта и нивните пластични курвичиња…"-си помисли Ахмед. И се насмеа со своите исцрнети, темно жолти заби расипани од премногу хероин и само рече: "Еден биг-мек, компирчиња..."

"Сакате од големата порција?"

Ахмед ја раскопча монтката и се затрча накај децата што пиеја милк шејк и јадеа чоколаден

сладолед.

“Алаааааааааааааааххх!!!” –и нежен стисок на копчето и местото летна во воздух. Со исто такво нежно притискање на копче почна и заврши настанот наречен трета светска војна. Не ни беше важно кој прв почнал. Човековата раса преживеа. Историјата се заборави.

Поминаа 10 000 години и радијацијата се намали толку што стана занемарлива, или барем нормална. Луѓето умираа на 20тина години, но тоа беше најдолгиот век за кој знаеја.

По 10 000 години на истото место каде МекДоналдс ресторанот летна во воздух место кое заработуваше со колење на крави, сега имаше зелена трева. И една крава пасеше на истото место. Источната мирољубива цивилизација се прошири и на западот иако немаа престава што значи запад. Еден маж од 11 години старост клекна под кравата и почна да пие од вимето.

Се удри двапати во градите како горило и извика иронично на цел глас: “Харе Кришна!!!” жените од 9 години се насмејаа затоа што тој се смеешее. Децата знаат најискрено и најубаво да исмеваат иако и не се свесни за тоа.

Рибата

Првиот што дојде на земјата, луѓето го нарекоа Вишну. Вишну ја доби туталата на севишен, на бог. Тоа беше така поради тоа што потекнуваше од древна раса и од далечна ѕвезда, и симнувајќи се на планетата земја имаше различни особини од луѓето, особини кои можеа само да се препишат на бог. Неговото тело беше од таква супстанца и материја што иако обично на неговиот домашен свет на земјата имаше поголема физичка сила поради тоа што на неговата родна планета гравитацијата беше далеку посилна а на земјата далеку послаба. Една од неговите природни особини беше да менува тела, односно да менува форми можеше да заземе секаква форма од најмала до најголема. Во една ситоација додека ја имаше формата на риба, беше фатен од еден идијски рибар но за негова среќа и за среќа на рибарот, човекот виде дека тоа е стара и голема риба и ја пушти назад мислејќи дека со тоа го појачува развитокот на рибите во околината и сметаше дека е грев да се јаде таков прекрасен примерок.

Вишну уплашен од тоа да не заврши на нечија чинија како вечера се појавуваше насекаде низ земјата проповедајќи да не се јадат животните туку само растенијата. Неговиот збор беше прифатен како наредба и од тоа излеагоа многу традиции на вегетеријанството. Светите книги кои зборуваа за него ги нарекоа Упанишади. Некаде е преставен и со знакот на риба и го носеше името Јахве. Вишну не можеше да се репродуцира како нормалните луѓе. Кога водеше љубов со жена, повторно се раѓаше преку новороденчето. 9 пати зазема човечка форма за да им помогне на луѓето да се справат со своите проблеми кои ги нарекуваа зло. Кога ја зазема формата на човекот со сина кожа го нарекоа Кришна и одбра избраник меѓу луѓето наречен Арџуна за да ги научи луѓето како да живеат. Но ги инспираше луѓето на војување и ропство од проста причина што тоа беа диви времиња и самиот беше млад и неук за начинот на кој треба да живеат луѓето во мир и хармонија, тоа беше темно време бидејќи самиот беше вообразен во својата новодобиена моќ. Во махабхарата и бхагавад-гита се зборува за тоа како Кришна во една прилика водел љубов со неколку илјади девојки истовремено а тоа беше само брзо менување на тела што оддаваше слика дека тој е истовремено на повеќе места. За него времето тече многу забавено во однос на луѓето, затоа и го нарекоа најбрз и сеприсутен. Сите луѓе на земјата од негово гледиште се движат премногу забавено а тој ја има способноста да се движи брзо во однос на нив. Затоа и го нарекоа вечен, бидејќи неговиот животен век иако ограничен на земјата може да трае цела вечност. Старите толкувања тврдат дека неговата раса го поттикнала човекот, а тој беше назначен за чувар на човековата раса. Имаше и такви како Гилгамеш од Сумер, и Александар од Македонија кои себе сакаа да се прогласат за полу-богови, синови на богови, или богови но тоа беше во времето кога Чуварот го носеше името Зевс и којзнае како уште го нарекуваа насекаде низ земјината топка. Некаде го обожаваа како демон но тоа беше поради неговата моќ и поради тоа што луѓето толкуваа дека бог е невидлив и милостив, а Чуварот знаеше да биде

строг и страшен. Учејќи и од луѓето да се усоврши го отфрли насилството,

уништувањето и злото и се сврте кон љубовта. Неговата последна инкарнација и аватар за кој имаме податоци е Исус или Јешуа од Назарет, чуварот тогаш ја сврте својата моќ кон исцелување, духовен развој и просветлување на луѓето преку верба. Се скри зад термините

свет дух, и татко-бог, и се нарече себеси син. Можеби тие термини се синоними за неговите претпоставени но проповедаше братство, љубов, сочувство и верба. И вети дека повторно ќе се врати, како што секогаш се враќа. Но овојпат вети дека тоа ќе биде време на уништување и хаос се до моментот кога ќе се отвори небото и избраните ќе бидат примени во небесното царство. Тогаш Чуварот помисли дека ја достигнал својата цел и дозволи вистински да биде убиен од луѓето. Распнат на крст. Велеше дека со таа негова смрт ќе ги земе гревовите на луѓето но всушност самиот дојде до сознание дека умира поради гревовите што самиот ги предизвикал. Но тоа беше само залажување. Чуварот некаде на својот пат мора да беше сфатил дека не може да биде убиен на земјата и затоа “воскресна” по три дена. Неговата енергија е огромна но конечна. Поминаа 5 милијарди години отткако “умре на крстот”, нашето сонце почна да ја губи својата енергија. Нашиот развиток го достигна нивото на кое сме возвишени во моќ и знаење а сеуште се нарекуваме луѓе. Успеавме да го најдеме Чуварот бидејќи нашата технологија ни обезбеди брзина. Како казна за неговите недела, го затворивме во енергетска сонда и ја споивме со јадрото на нашето истрошено сонце. Тоа ќе биде неговиот затвор и воедно наш извор на живот и енергија. Чуварот конечно го доби местото кое го заслужува, стана севишен и обожуван. Го најдовме начинот да ја пуштиме рибата во рибник и сепак да ја изедеме.

Говор

“Природата е глупа колку кучка уличарка, ако ја погалите ќе закачите некоја гадна болест, можете да ја тепате со стап а таа само ќе лае во ноќта се додека некој од нас не ја отруе со храна што самата алчно ќе ја голтне. Мајката земја е поробена и исповрзана со огради и полека ја губи својата плодност, зимата во лето и летото во зима се нејзината збунетост, земјотресите се нејзиното тресење од страв, вулканите се нејзиното крварење, а се расцепува да ги голтне депониите но неможе. И природата и мајката земја се наши слуги, а не обратно. Одиме против нив со цел да ги остваримe нашите вистински потенцијали. И дивите животни се безумен добиток за нас-ресурс на храна, а тие вегетеријанци што мислат дека ќе ги спасат со ”пасење трева” само се залажуваат. Наскоро сите животни ќе исчезнат, кругот на опстанокот ќе остане незавршен, немојте да се надевате на подобро. А ние како луѓе ќе изнајдеме некој погрозен метод на преживување од досегашните, можеби ќе почнеме да се јадеме меѓу себе, не дека тоа не е веќе видено... сега веќе ја играме играта “кој последен се смее најслатко се смее”! “-извадено од говорот на главниот врховен еколог на Американската светска федерација(империја) Дик Блеклајт на конференцијата за науки во Вашингтон во јули зимата на 2125тата година.

Шега

Стоеше пред својот компјутер и се смешкаше. Ги поднамести очилата и си ја пушти омилената песна. Неговиот проект беше готов. Се што остануваше беше да притисне Ентер. Пиеше чај од нане и запали цигара. “Цигарите одат одлично со чај.” –си помисли во себе. Неговиот проект беше чудна програма, ја сработи сам, иако имаше и луѓе кои несвесно му помагаа во процесот кој траеше околу десетина години, никој никогаш немаше да ги дознае нивните имиња а ниту неговото. Го имаше развиено најсовршениот пробивач на шифри, комбиниран со програми за преводи и вируси кои сами се адаптираааат и размножуваат се додека не ја остварат својата цел. Неговиот проект беше шега со која сакаше да го изигра светот. Идејата се состоеше во тоа да ги убеди сите на планетата дека вонземјаните им се обраќаат. “Програмата” истовремено праќаше текстуална порака во вид на имејл на секој можен компјутер приклучен на интернет. И тоа на сите можни јазици селективно и односно на секоја област. Приказната што ја состави беше дека потеклото на луѓето е од планетата земја која се наоѓа светлосни години далеку од сегашната. Сегашната планета е само една од многуте колонизирани од човечкиот род кој не само што се проширил меѓу sвездите туку и завојувал меѓусебно. Поради големото уништување и смрт, луѓето од различните планети решиле да се разделат и да не комуницираат. Секоја нова колонија својата нова планета и го давала името Земја и во зависност од технолошкиот развој историјата што се изучувала била мешавина од онаа на оригиналната земја, а вистината ја сочувале оние колонии кои биле поразвиени. Стравот кој сакаше да го влее со таа приказна е дека Земјата на која живеат е една од помалку развиените. Но “вонземјаните” имаа “предлози” што да се превземе ако земјаните сакаат да ги видат и заедно да напредуваат. Имаа неколку барања. Да се укинат границите. Да се укине абортусот. Да се искорени користењето дрога. Да се истреби криминалот со елеминирање на приватна сопственост. Да се престане со загадувањето и да се обнови озонот. Да нема убиства, насилство, повредување и да владее мир. “Нивната молба” беше всушност закана бидејќи “тие” тврдеа дека тој мир можат да го донесат со активирање на сите можни боеви глави истовремено на целата планета и да остане само прав и пепел после термонуклеарна глобална војна. Тоа отприлика беше пораката и шегата што ја смисли. Во моментот кога силно и театрално удри по копчето ентер, сите на светот ја добија пораката а вирусите од програмата предизвикаа црвена тревога во сите можни воени бази и отворите за лансирање на нуклеарките се отворија. Вирусите делуваа така што им ги закочија сите главни комјутери кои ги држеа проектилите на готовс. Всушност тој и ја немаше моќта да ги активира проектилите. Беше како да вперил празен пиштол во нечовек со закана на смртна пресуда ако не се однесува како што треба. Ги остави сите бази во постојана црвена тревога. Во наредните неколку дена владееше паника. И веста за нуклеарните оружја се обелодени. Под таква закана човештвото ги сврте своите напори кон решавање на своите проблеми бидејќи беше соочено со смрт.

Хакерот доживеа да го види процесот на промени и почетокот на конечната револуција.

По 200 години човештвото се смири во хармонично општество што наликуваше на рај каде војувањето се водеше на културен план а не со оружје, туку преку разбирање. Основното образование траеше 40 години поради напредокот и животниот век на луѓето се продолжи по природен пат. Сите беа задоволни со тоа каде се родиле и израснале поради тоа што живееја на убаво место.

Шегата на милениумот остана некажана, а црвената тревога светеше непрекидно во рајот на земјата.

Одминување

Вселенските бродови стигнаа на земјата. Тие и припаѓаа на друга раса на суштества толку различни од се' за што знаеме што нема зборови во нашиот јазик што би можеле да ја опишат нивната форма. Правеа записи за развојот на планетите кои ги откриваа. Кога стигнаа на земјата таа беше зелено-сина планета богата со вегетација и живот. За жал го погрешија времето. Бараа интелегентни суштества со кои би се здружиле и би напредувале понатаму. Но не најдоа суштество кое би го нарекле интелегенто. Во тој период диносаорусите владееја на земјата. Заканата од која се плашеа беше комарецот- тие мали инсекти живееја насекаде низ планетата и беа смртоносни за нив. Сакајќи еден ден да ја направат планетата погодна за правење колонии со нивната технологија насочија еден огромен астероид да удри во земјата. Ги убија диносаорусите но комарците преживејаа. Кога повторно се вратија да набљудуваат, не открија и верифицираа како потенцијални суштества за интелегентен развој, единствената причина што не стапија во контакт со нас беше стравот од комарецот. Сега знаеја дека нема начин да го уништат а да не ја пореметат природната атмосфера на животот а со тоа да ја направат планетата безживотна. Попусто им праќавме безбројни радио пораки посакувајќи контакт. Немаше контакт и никогаш нема да има се додека репутацијата на земјата не се смени. А толку многу време мислевме дека ние сме проблемот. Ја одминаа нашата планета како да е најопасното место кое го сретнале.

Последниот Човек

Целиот живот на светот ќе биде збришан за неколку секунди, сакав само да ви кажам нешто многу важно, тоа што сакав да го кажам е следново: Јас открив дека

(целосниот говор на последниот човек)

Шаманот

Шаманот ја зема прашината во дланката и ја фрли преку рамото. Мрмореше некаква чудна магија и кружеше околу запалениот оган. Одвреме навреме застануваше и викаше на цел глас со двете раце испружени кон небото. Околу големиот запален огин беше собрано целото село и некои од селаните почнаа да тропаат на своите удирачки инструменти. Шаманот играше околу оганот со потскокнувања а очите му беа превртени и тие што го здогледуваа видоа само бели очи во одблесоците на оганот. Играше како во некој транс а седнатите луѓе се нишаа во неговиот ритам. Во играњето се симнуваше до земјата и фрлаше прашина зад себе, како да го предизвикува ветерот. И ветерот постепено се засили. Темните облаци се насобраа за време на ритуалот и како изненадување почнаа да светкаат молњи во далечината, одеднаш како некој да истурил корито со вода на плочник, падна пороен дожд. Децата се радуваа а возрасните се смееја знаејќи дека тоа е крај на сушата и дека нивната жетва ќе биде богата. Огништето се изгаси од дождот а Шаманот застана со босите нозе на врелиот жар, клекна и се намачка со пепелта по лицето и погледна нагоре. Дождот му го изми лицето. Луѓето од селото го почитуваа бидејќи беше единствен што со танц може да повика дожд. Пред него се изнесе најдобрата храна од залихите и му беа понудени најубавите млади девојки како награда за неговата магија. А тој само мислеше на тоа колку малку луѓето гледаат нагоре, и му беше смешна помислата што кога се разбуди истиов ден- погледна нагоре и виде црни облаци во далечината, го лижна прстот и виде дека ветерот ги носи облаците во негов правец, се насмевна и знаејќи дека ќе врне, реши вечерта “да повика дожд”.

Дневни вести

Третата планета од еден помал сончев систем изгуби свој специфичен вид на живот кој ја тераше во пропаст. Себеси се нарекуваа хомо-сапиенс.

“Човечкиот род се самоуништи. Веќе подолго ги набљудуваме и знаевме дека ќе дојде до ова, затоа и одвоивме два примерока на машко и женско кои ги израснавме вештачки –сега се возрасни и тотално без меморија или спомени, специјално за нив тераформиравме една планета…”- ова беше приватен потфат на локален трговец што сака да остане анонимен. “Не за друго туку научивме дека набљудувајќи ги луѓето е како да се набљудуваат нивните гладиаторски борби –забавно. Па решивме да им дадеме шанса повторно да не забавуваат, не дека имаме некаква надеж дека некогаш ќе се опаметат, тие за нас се ограничени колку што се мравките за нив. Мажот го нарековме Адам а жената Ева, ги сместивме во совршени услови за почнување на нови генерации сега луѓето можат слободно пак да си ја ебат мајката! “ –вели тој.

Во остананти новости има телепатска чума во секторот 4 што резултира со масивно насилство поради фактот дека секој дознал кој што вистина му мисли... телепатската чума се мисли дека е предизвикана од преголема изложеност на брама-зраците одбиени од 11тата месечина на 148та планета во секторот 4, власта ќе прогласи карантин за да ги остави сите да се испоубијат.

Денеска ни предстои ведар и сончев ден, не излегувајте надвор пред 9тото свртување на млечниот пат околу својата оска.

Во останатите вести...

“Метеорот или Чкрапалото?”

“Не треба да се плашиме од удар на парче од Астероид или Комета наречено метеор таа варијанта за наша катастрофа е неизбежна. Страв треба да ни биде од наглиот рефлекс да се пуштат нуклеарки насекаде по планетава потикнати од удар на Метеор што често личи на нуклеарка. Луѓето го чуваат мирот со (нуклеарно)оружје наместо со разбирање. Ние со нуклеарките, сме како дете што гледа филм со пукање а штотуку го нашло пиштолот на татко си и незнае дали е играчка. Метеорот е случајно испукан куршум. Што мислите дека ќе се случи? Ќе имаме ли среќа уште некое време?”

Превземено од предавањата на Шарл Саглам

“Задгробен живот”

Во договорот за дигитализација што го нудеше ланецот корпорации стоеше една точка дека апликантот мораше “да се откаже од се што поседува”, односно сите материјални средства да ги префрли на сметката на корпорациите. Корпорациите нудеа такви договори што и оние што не поседуваа многу или не поседуваа ништо добиваа “социјална помош” на сметка на оние кои дале повеќе. Корпорациите поседуваа машини што можеа да ја пренесат свеста и сеќавањата, вештините и особините на човек во дигитална форма и да им обезбедат вечен задгробен живот. Откако сите информации биваа извлечени од човечкиот мозок и тело, телата беа палени во огромни печки. Нивните холограмски реклами беа насекаде, немаше човек што не дозна дека конечно човештвото ја победило смртта. Сега можеа да се приклучат на мрежата и да зборуваат со своите “преминати блиски” кои живееја во дигитална форма на информации во огромните напреднати сервери на корпорациите. Што повеќе дознаваа за задгробниот живот тоа повеќе ги привлекуваше таа форма на постоење. Дигиталните бесмртници патуваа со брзината на светлината. “Таму” можеа да изгледаат како сакаат, со совршени тела и свое издание од младоста кое го сметаа за најдобро. Можеа вистински својата внатрешност да ја престават на површината и да ја видат во одразот од дигиталното огледало. Не само тоа, туку имаа и опции да се надградуваат, да се образуваат, да учат вештини, јазици да усовршуваат професии и да се натпреваруваат во трката кон посовршената форма на професионалност и човештво. “Преминатите” можеа и да имаат меѓусебно потомство. А нивното потомство беа децата и бебињата кои биле дигитализирани поради тоа што скоро починале или пак биле на умирање. Исто така секој од нив можеше да си создаде копии од себе и да биде на илјадници места одеднаш, во секое време да може да зборува со блиските, да е надвор во потрага по нови познанства, да е дома уживајќи во добра книга додека надвор врне и истовремено да е на забава... итн. Но копиите не беа копии во смисла дека се различни од оригиналот туку во секој момент беа во контакт со изворот а и самите беа извори. Кога спиеја во нивниот дигитален мозок се собираа сите искуства од копиите. Некои од нив играа секакви игри. Но игрите беа реални до тој степен што доживуваа секакви сакани и несакани искуства како дигитални убивања со дигитални пушки и мечови, крвави битки и војни така што ако сакаа да потиснат некои од тие сеќавања доволно беше само да помислат дека се чуствуваат лошо и тие спомени се складираа на заклучени места во мрежата. Тој процес се одвиваше толку брзо што во рок од една минута преживуваа време кое траеше стотици човечки животи на земјата. Некои од нив најголем дел од времето го поминуваа во Рајот. За секоја можна религија, култ или секта имаше направено посебен дигитален Рај. Други пак одеа од Рај во Рај. Трети пак создаваа нов вид на Рај. Толку голема мудрост се складираше во нив што почнаа да ги советуваат своите најблиски како вистински треба да се живее на земјата. Некои тоа го правеа и од страв да не откажат комјутерите во кои живеат

а други едноставно од љубов. Тоа беше концептот на рекламата за задгробниот живот. Реклама која едноставно ги тераше луѓето едвај да чекаат да умрат. А многумина и си го одземаа сопствениот живот за поскоро да стигнат “таму”.

Масоните кои ги контролираа корпорациите се собраа на својата заседавачка маса. Главниот говорник се исправи и почна да чита:

“Дами и Господа, денес е голем ден, со голема радост и особено задоволство можам да ви соопштам дека проектот “Задгробен живот” кој трае веќе 3 децении се покажа како голем успех. Пренаселеноста на земјата е сега веќе решен проблем. Според статистиката на земјата останавме само половина милијарда луѓе од кои две третини се жени. Нашите упатсва што им ги пренесуваа “преминатите предци” на жртвите резултираа со тоа да останат живи најспособните и најинтелегентните идивидуи. Сега сме на прагот на нова ера. Ги истребивме оние кои го кочеа човештвото. Ги изиграvме глупавите со ултиматната измама. Дами и Господа, ви честитам на нашата генијалност!!!” Низ просторијата се прошири смеење и гласен аплауз. По кратка пауза говорникот продолжи: “Следната точка на дневен ред е реконструкција на озонот, за таа цел имаме сонди кои можат да го реставрираат и не само тоа туку ќе го елиминираат смогот и ќе исчезне ефектот на стаклена градина, залихите на цигари се конечни и премногу бавно се намалуваат, предлогот е да се елиминираат од пазарот, изгледа дека е популарно кај преживеаните да не се пуши. Моторите со внатрешно согорување на возилата сме спремни да ги замениме со моторите на вода... навистина сме на прагот на ново вистински интелегентно човештво кое повеќе не верува во лагите од типот на Задгробен живот...”

“Циклус”

“Повторувањето на исти работи формира циклус. Зборуваме за апокалиптични алтернативи и тие се најчесто порвзани со климатските промени. А зар тие не се циклични? Кружни по природа? Исто како што земјата кружи околу сонцето? Луѓето велат: “Ваква зима немало па некои триесет години…” значи пред 30 години имало! И одма ја сметаат споменатата зима или лето за нуклеарна по карактер поради интензитетот на топло или ладно. А тоа е уште еден циклус а не крај на светот или предзнак за сотрување на човештвото. Дали? Теоријата на катастрофата, дека баш оваа генерација живее во послените денови на човештвото е концепт лесно проникливв за упатените и се наметнува на секоја генерација за да се чуствува посебна. Којзнае што ќе биде.” – И не бидна ништо посебно, освен уште еден циклус над циклус.”

Превземено од самитот за создавање илузија на безбедност во однос на глобалното затоплување.

“Стариот Глупак”

Моето име е Александар. Моите предци се древните Македонци. Работев како веб дизајнер и правев веб-страни за луѓе и фирми кои добро плаќаа. Работата беше исплатлива и лесна... во една прилика наидов на понуда која ми нудеше прилично голема заработувачка. Само незнам дали мојот тогашен клиент беше премногу луд и стар или ја имаше зграпчено вистината. Отидов во селото на едно бачило и го најдов човекот. Наводно се работеше за тоа да се пречука неговата биографија и животна приказна кој сам ја напишал во стар тефтер со кафени кожни корици. Ме изненади фактот што видов скршен лап топ компјутер во неговата плевна. Старецот пушеше многу а тврдеше дека има 116 години, но тутунот што го пушеше беше вонсериски и не беше фабрички произведен. Немаше ниту еден заб во устата и се хранеше со кисело млеко и други млечни производи што сам ги преработуваше на своето бачило. Имаше неколку кучиња и носеше овчарски стап со себе. Кога го прашав зошто не ставил вилици или нешто слично ми кажа дека не сакал да оди кај лекарите за да не го убијат на свој начин. Наводно забите сам си ги беше извадил бидејќи мислел дека му ставиле чипови за прислушкување во нив. Беше уверен дека неговото тело било клонирано тело и дека намената на неговото раѓање била да биде “доброволен донор” на внатрешни органи за личноста од која бил клониран. Но успеал да ја избегне таа судбина. Имаше интересна теорија дека луѓето кои владеат- доминаторите –така ги нарече сковале убав систем за преживување и развиток на своите високи слоеви. Тврдеше дека живее на бачило сам поради тоа што во населените места врие од шпиуни. Тврдеше дека мобилните телефони се само краток поглед со крајшник на око во технологија што вистински му е недостапна на човештвото поради доминаторите од западот. И дека таквите телефони за време на втората светска војна биле шпиунски алатки. Тврдеше дека се направени мотори што работат на вода, дека има огромни ресурси на електрична енергија во самиот воздух и дека има начин струјата да се пренесува безжично. Твдеше дека експлоатацијата на луѓето кои р’мбаат како робови може да се замени со фабрики на роботи и машини за кои има готови планови. Не му пречеше уверувањето дека е клон поради тоа што телото го сметаше како облека за душата која е бесмртна. Имаше и замисла дека им се сече коса на децата при крштевање за да ги “воскресне избраните” самата црква. И тврдеше дека тоа “земање на генетски материјал за подоцна” го правеле повеќе религиозни организации, ги спомна и муслиманите со сунетот. Немаше жена а ми раскажа дека имал многу деца секаде каде стигнал да ги зачне. Од мене бараше да ја објавам неговата приказна на интернет за целиот свет да ја дознае вистината и да се бори против доминаторите на суптилни начини. Да се вратиме кон старите вредности на древните народи. Младите наводно се заведени со музика која ги хипнотизира и им создава тупа насмевка ги тера кон понор и смрт ги тера кон како што го викаат тоа доминаторите “проширување на свеста со дрога”, “психоделично искуство” и слично а тоа е само еден пат да ги убијат,

пред да се расцветаат во полна сила преку наведено и бавно или брзо,

самоубиство кое е всушност геноцид на умот и телото и едноставно убиство. Го изопачуваат поимот љубов, водење љубов и поимот бакнеж. Препорача да не се бакнуваат младите со јазици како змејови, гуштери и змии, туку бакнежот да биде со усни на усни, при сексот да не си ги лижат интимните делови како што го прават тоа неговите кучиња-Шарпланинци. Туку да постапуваат во љубовта на стариот начин. И тајната за постапувањето со жените не е во тоа да бидат еднакви или нееднакви на овој или оној начин, туку да си ги знаат должностите и да не мешаат вредностите, бидејќи во нивните мајчински негувања и одговорности лежи

коренот на доброто однесување и живеењето со љубов или омраза, а доминаторите им нудат лажна еднаквост со мажите бидејќи не насочуваат кон зло, кон состојба жените и мажите да се мразат поради тоа што се или не се. Тука и ги збунуваат младите неискусни души да си ги уништат телата и да внесат тонечка тага и црнило во душата, со идеологии за хомосексуалност и нивно почитување, што всушност се гледишта на некои изопачени стари грци кои својата култура ја украле од јадрото на истокот додека религиите таму уште биле во експериментална фаза. Тврдеше и дека историјата што се учи во училиштата и факултетите е лажна и дека има реална историја на човештвото од која успеал да дознае само делчиња, единственото навестување за таа вистинска историја што ми го кажа во разговорот со него беше само дека човештвото во дамнешно минато уживало во скоро совршено општество со невидена технологија, а ова денес се само остатоците од тие некогашни височини на напредокот и просперитетот. Неговото дело иако лудо вреди да се прочита исто како што вредат поуките на постарите...иако доминаторите имаат изрека дека старите глупаци се поглупави од помладите глупаци. Морам да признаам дека неговото гледиште ме зарази со енергија на лудост и вистина само неможам да одредам што беше точно дали едното или другото.

Тој само рече:" Сепак одбрав да го прифатам моето гледиште како вистина, можеби и сум луд. Што има лошо во тоа човек да е луд? Посебно ако е уверен дека ја знае вистинската природа на работите и ако тоа се покажува во пракса."

Ова е почетокот на неговата книга:

"Сакаат да те убедат дека твојата судбина е да учиш учебници кои ги мразиш и работиш професии кои не те интересираат, сакаат да те убијат уште пред да умреш, те држат во страв со вечерните вести за насилства и катастрофи, те опколиле од сите страни со влијанија што те кочат, сакаат да те фатат -со канџи на белоглав орел, те испитуваат да видат како ќе реагираш, те следат од сателит, те прислушкуваат по телефон и во живо, системот има милијарда доушници и агенти кои работат за него без свое знаење. Сакаат да те стават во недовршен круг...Не ти даваат пристап до информации, го читаат твојот e-mail и имаат пристап до твојот компјутер-штом ќе се приклучиш на интернет. Сакаат да ти го одземат времето со шарени теве-илузии, сакаат да бидеш заморче во нивната нацистичка лабараторија. Сакаат од тебе да направат задоволен роб со јасна чиста смисла дека ужива во Слобода. Сакаат да те осакатат душевно со лажна уметност која е само машинерија за моќ и пари-играат на картата на твојата емотивност. Те залажуваат да ти го одвлечат вниманието, додека си прават што им е по волја. Си играат со тебе како со марионета и си уживаат во преставата. Кога ќе се посомневаш во нешто, тоа го нарекуваат параноја и те

затвараат во лудница. А паранојата е само измислен збор за доживување на ситоација на сомнеж дека има заговор против тебе и е преставен како болест за да не се сомневаш во такви работи и да бидеш дел од стадото. Дојди со мене и ќе ти покажам... како да се спротиставиш."

Не му наплатив за работата што ја направив од него бидејќи ми преставуваше задоволство. Но резултатот од целата таа случка и колку тоа негово дело го промени светот беше само тоа што добив канта козјо биено сирење од бачилото и чудна порака на мобилниот телефон што ме обавести дека пристигнале вонземјани. Кога се симнав од планината и маглата небото беше исполнето со летечки бродови на некоја друга раса од друга планета и се беше мирно. Се насмевнав. Можеби овие ќе воведат нов систем тука од кој стариот глупак на планината нема да се плаши.

Елфски Спомен



(Цртеж на Маек)

Маек имаше изострени сетила како и секој друг *елф, уште во моментов ги насети… беа петмина и се криеја зад дрвјата од двете страни на шумската патека. Тоа беа ограбувачи наоружани до заби кои ја демнат шумската патека и ограбуваат трговци или минувачи, нив ги имаше пет а тој беше сам и ненаоружан но сепак носеше злато во кесето на појасот и не смееше да остане без него посебно сега кога беше упатен на долг пат од својот дом. Ја нагрна ќулавката од наметката на главата, застана на десетина чекори од заседата и со смирен тон на јазикот, мелодичен, скоро хипнотички изговори:

“Дозволете да поминам во мир и никој нема да биде повреден.”

Одеднаш се слушна гласно смеење од зад дрвјата и полека излегоа попречувајќи му го патот, смеењето доаѓаше од кај најкрупниот од нив, најверојатно водачот, човек кој што личеше на карпа од мускули нацртан со тетоважи дури и по лицето и келавата глава, држеше една огромна борбена секира со две сечила. Другите беа наоружани со мечови и ножеви.

“Ќе те оставиме во мир, во вечен мир!”-извика големиот.

Маек зема длабоко воздух низ носот и го испушти без да се чуе ни звук. Тоа беше единствениот момент на тишина, затоа што следното нешто што се случи беа нертикулираните викања на напаѓачите кои јурнаа истовремено. Првиот што му се приближи тргна со својот нож накај неговиот стомак, но Маек му ја зграпчи раката за зглобот со својата десна рака а со левата му упати еден брз и силен удар кон работ на вилицата чија коска крцна искривувајќи се и со едниот крај заривајќи се во мозокот на напаѓачот. Вториот напаѓач не се ни свести што се случило се додека не доби остра болка во левата страна на градниот

кош, поживеа уште толку колку да свати дека има зариено нож директно во срцето. Маек се отфрли со висок скок и од вртење му зададе удар со нога во тилот на човекот кој го промаши со мечот. Останаа уште двајца. Маек го испланира нападот на големиот човек уште кога го здогледа и како што планираше, неговата тупаница се зари во јаболкото на грлото на вратот, единственото вистинско ранливо место, по овој удар јаболкото отиде од другата страна на грлото и инстанто го задуши водачот на бандата, кој ја испушти секирата, падна прво на колена и се струполи со лицето во земјата. Не губејќи време гледајќи го петтиот напаѓач како вцашено се скаменил од страв пред глетката, го искористи тоа кратко време да му го скрши коленото со својата пета оставајќи го сакат но жив. Тој човек беше штрбав со гадни изгниени заби и заседена коса.

“Не е можно.Ова ннне ее можно...” – не можеше да поверува дека ги совлада сите, бидејќи оваа борба траеше толку кратко што движењата на овој странец едвај можеа да се следат.

“Остави ме во живот те молам, знам каде ни е сокриен пленот, ако сакаш ќе те одведам до него, само те молам не ме убивај млад човеку.”

„Млад човеку“. Елфите беа вечно млади и беа убава раса но Маек имаше четиристотини дваесет и три години и да беше човек до сега ќе беше умрен, неколку пати. Неговиот ригорозен тренинг во борбените бараки на неговиот роден град Ферас го направија мајстор за блиска борба со и без оружје, но го научија и за милост.

“Не ми требаат твоите пари. Вие луѓето отсекогаш сте го гледале материјалното. “– го рече ова кратко и продолжи по патот како ништо да не било, оставајќи зад себе четири мртви тела и еден осакатен човек кој не се ни надеваше дека такво нешто може да му се случи.

Пред да се стемни излезе од шумата и влезе во гратчето Дарин, каде најде гостилница за да преспие.

Утрото беше сончево, а немаше ниеден облак на небото, беше убав ден да го продолжи патувањето. А и не беше паметно да се задржува во Дарин бидејќи местото беше сиромашно и многу од луѓето што живееја таму не беа баш пријателски расположени. Можеби поради тоа што имаа малку и во секој нов дојденец гледаа потенцијална закана. Додека појадуваше примети дека очите на ќерката на гостилничарот не го тргаа погледот од неговото лице. Таа го набљудуваше цело време додека го служеше и за неа беше најубавиот млад маж што воопшто го видела, маж со правилни црти на лицето и изразено зелени светли очи, преку кои паѓаше по некој прамен од долгата црна рамна коса која му ги покриваше шилестите уши и го правеше да изгледа како човек. Тој ја погледна право во очи и се насмевна а таа му ја возврати насмевката-поради неа се задржа во Дарин уште една ноќ со една цел –да води љубов со оваа убава девојка која сама му дојде истата вечер во неговата соба.

Елфите веруваа дека не постои само една љубов во животот и нивната древна мудрост се темелеше на љубовта. Тие веруваа дека сите суштевства се вљубуваат константно едни во други и дека е чиста глупост да останеш со една жена, или една жена да остане со еден маж целиот свој живот, можеби тука влијаеше факторот што тие беа безсмртни. Беа безсмртни суштества посветени на светлината со кревки лесни самовилски тела кои не можеа да подлегнат ни на најсилните отрови но слабоста им беше во тоа што не беа имуни на физичко насилство вистината беше дека заздравуваа брзо од тешки повреди и без употреба на елфската медицина и магиската лековита моќ, но еден важен факт остануваше... тие можеа да бидат убиени. Тој страв од смртта ја натера оваа древна раса да има строги закони кои завладеаја откако се преселија од шумите во поголемите елфски градови каде секое новороденче без разлика на полот беше образувано на сите познати јазици и за сите истории, легенди, литература и наука истовремено секое дете беше тренирано, додека не стане мајстор во својата вештина, иако за тој процес понекогаш беа потребни и два човечки века

каде потоа секој од нив имаше право да избира дали ќе има служба во градот, дали ќе им се придружи на шумските елфи во пространите шуми на северот или пак ќе си ја побара среќата скитајќи низ светот впуштен во различни мисии на елфите, кои како древен народ чусвтвуваа одговорност за своите помлади браќа и сестри –расата на суштевството наречено човек. Тие беа нивни учители и заштитници а понекогаш и животни сопатници. Како синтеза на нивната физичка љубов се раѓаа пола елфови, пола луѓе. Тоа беа луѓе со изразена склоност кон природата и дивините, суштесвта кои понекогаш живееја толку долго што се сметаа бесмртни, но тие беа смртни во иста смисла како обичните луѓе и умираа од старост која настануваше многу побавно одошто кај обичните луѓе. За среќа Маек беше доволно образован во начините на водење љубов, а имаше и многу учителки додека созреваше, па затоа беше во можност да води љубов без зачнување. Досега немаше деца бидејќи тие бараа внимание и нега како и татковска одговорност, а толку добро му одеше како ерген сите овие години. Наредното утро само и намигна на девојката пред да замине, купи храна на пазарот го нагрна ранецот на грбот и го напушти Дарин со еден убав спомен повеќе.

1*Зборот елф означува самовилак(моја “кованица”), или машко од самовила кај нас е лошо преведен на македонски како “мал злодух” поради неинформираност за Толкиновите елфови и Страсловенските Самовили.

Менувачот на форми

Еленот трчаше избезумено низ шумата, не гледајќи зад себе, тоа можеше само да го забави неговото бегање. Зад петиците имаше ловец, ловец кој го познава теренот и вешто ги следи неговите траги. Беше уплашен од упорноста на ловецот и од фактот дека не ја познава оваа шума, но сепак имаше животинска издржливост која создаваше адреналин и поради која не можеше а да не продолжи да трча. Ловецот го следеше еленот веќе подолго време, мракот полека паѓаше во шумата и стануваше се потешко да се следи целта. Единствено нешто што го зачуди кај животното е што трчаше паралелно со патеката која водеше кон селото, такво однесување немаше досега сретнато, колку што знаеше обично животните се држеа понастрана од луѓето и живееја длабоко во шумата. Конечно го доби еленот на нишан го оптегна лакот и ја пушти стрелата во негов правец. Виде како стрелата го погодува еленот во задната нога...”Сега си мој”-помисли ловецот. Така и беше, врвот на стрелата беше потопен во отров кој ги парализира нервите, еленот почна да забавува од галопот во одење се движеше се побавно и побавно се додека не се струполи на земја. На лицето на ловецот се појави тенка насмевка, радосно се стрча кон својот уловен плен. Одненадеж забележа сјаење на бела светлина од местото каде што падна еленот, сјајот беше блед и краток. Кога пристигна до местото наместо еленот таму лежеше гол човек или нешто што личеше на човек бидејќи овој човек имаше сина кожа, шилести уши и очи кои сјаеја со бела светлина. Имаше црна рамна коса која му пагаше до појасот и по целото тело имаше исцртано симболи кои изгледаа како истетовирани знаци на некој прастар јазик. Стрелата на ловецот штрчеше од неговата десна нога. “Помогни ми” –изговори човекот. “Отровот се шири”-во тој момент ја изгуби свеста. Ловецот без расмислување извади едно мало шишенце во кое носеше против-отров во случај да се боцне на стрелите, ја извлече стрелата од ногата и го истури врз раната. Не можеше да си ја објасни ситуацијата во моментот, но реши дека на човекот му беше потребна нега. Кога го крена во рацете забележа дека телото му е зачудувачки лесно. “Што направив... што направив...” –размислуваше ловецот додека брзаше кон својата куќа на работ од селото. “Дали го убив овој кутар чудак и дали ќе преживее? Што се случи со еленот кој го гонев? Можно ли е овој странец да беше еленот?” –немаше објаснување. Досега имаше слушнато и видено чудни нешта но никогаш не се надеваше дека древните приказни на старците се реални. Дека сега во рацете можеби носи суштество кое може да менува форми...

Ловецот го легна непознатиот на својот кревет, му ја преврза раната и го покри со рогозина, се смести удобно во големата столица покрај огнот го запали лулето и бдееше над својот нов гостин. Неможеше да му го чуе дишењето, но гледаше како градите му се дигаат и спуштаат во рамномерен ритам, веројатно дишеше тивко. Ловецот беше уплашен, едно беше да се одземе живот на диво животно, но нешто сосема различно беше да убиеш човек или нешто што толку наликува на човек. На изгрејсонце непознатиот се разбуди. Во каминот од огнот остана само жар. Непознатиот седна на креветот со скрстени нозе. Ловецот се исправи и потполно си го потпре грбот на наслонот во знак на олеснување и чудење – очите на овој странец сеуште светеа со бела светлина.



(Цртеж на Ендарон)

“Јас сум Ендарон.”-се престави суштеството. “Незнам баш дали треба да ти се заблагодарам или да чекам извинување од тебе”-рече низ насмевка. И ловецот се насмевна иако беше ставен во незгодна ситоација. “Моето име е Фад, се надевам сега се чувствуваш подобро. Дај да ја погледнеме раната...” Ендарон ја исправи десната нога и ја тргна преврската на местото каде што имаше крвава рана сега немаше ниту лузна ниту никаква трага од повреда.

Требаше некое време за Ледарон да му раскаже за својата моќ да се претвара во различни суштества и да заздравува брзо, Фад беше вчудоневиден. Уште повеќе кога дозна дека таа способност носи со себе страшна цена: можноста да се остане засекогаш во животинска форма и да се изгуби разумот. Такво нешто го снашло братот на Ледарон, кој сега е куче кое се рани кај касапот во селото на Фад. Фад реши да му помогне. Прво се обиде да го купи кучето од касапот, но касапот не сакаше да го продаде тврдејќи дека е тоа најдоброто куче што човек може да го има. Куче со човечка интелегенција. Мисијата на Ледарон беше да го убие сопствениот брат, за да не живее кучешки живот. Тоа беше одлуката на нивните господари кои им ја дадоа таа моќ. Вечерта кога го отру својот брат касапот го начека на дело и од љубовта кон кучето се избезуми единствената реакција што излезе од него беше неконтролиран гнев и тука, пред својата продавница за месо го зари сатарот во вратот на Ледарон кој беше свртен со грбот кон месарот тажејќи над кучето. Касапот ги закопа кучето и Ледарон истата ноќ во шумата. На местото каде беа закопани никнаа два прекрасни цвета. Едниот цвет страдаше под копитата на елен кој бегаше од ловецот Фад, а другиот под нозете на ловецот. Фад месото од еленот му го продаде на касапот и си направи мокасини од еленска кожа. Тоа беше еден од начините на кој исчезнаа луѓето кои во древните времиња ја носеа титулата Менувачот на форми.

“Занаетот”

Зјапаше во сонцето. И’ велеа дека ќе ослепи ако зјапа и дека науката нашла секакви штетни зраци што доаѓаат од сонцето, но таа не сакаше да чуе. Што и да правеше нејзиниот поглед го фиксираше на сонцето. Некои луѓе медитираа на пламен од свеќа... таа медитираше на гледтката на сонце. Некои ја сметаа за луда некои ја сметаа за светица. Талкаше сама по шумите и црпеше енергија преку гледање, сонцето се пробиваше низ дрвјата со божествени зраци на кои можеа да се видат мали прашинки, понекогаш ќе застанеше во светлината на некој таков светлински столб и едноставно дишеше длабоко и се полнеше од најблискиот најмоќен извор. Пиеше вода од шумските потоци и се спријателуваше со секакви животни. Случајно откри дека во неа се развила некаква нова моќ. Беше седната на тревата во една ливада кога пред себе забележа едно скоро овенато цвеќе што израснало зад сенката на еден голем камен. Ако го тргнеше погледот од сонцето забележуваше пред себе глетка на црн круг со светлинска аура. Кругот пополека се смалуваше. Се загледа убаво некое време во сонцето и потоа почна својот поглед да го фокусира на цветот.

Веруваше дека го полни со светлина и дека го лекува, го разубавува и дека му влева живот од самиот извор. Темниот круг со светлинска аура се смали во суштината на цветот. Откако ја преспа ноќта повторно се врати кај цветот и забележа дека тоа е најсовршениот цвет што било кога го видела, дури и стебленцето на растението се беше издолжило доволно за да излезе од сенката и да се храни со сончевата светлина.

Додека талкаше низ шумата од крошната на едно старо дрво падна едно младо од ластовичка, падна и се обидуваше да летне повторно нагоре, но неговото крилце беше повредено. Повторно ја употреби својата моќ и кога му заздраве крилцето птицата летна нагоре толку високо што се искачи накај зенитот. Изгледаше дека птицата ја снема во заслепувачката светлина.

Шумата завршуваше во подножјето на планината и случајно најде една разгазена патека што по неколку часа ја однесе до врвот. Таму на самиот врв на работ од една голема карпа седеше старица облечена во бело. Старицата имаше претерано долга бела коса а држењето и беше како да е млада жена, нејзината кожа беше црвена како да е изгорена од сонцето. И се приближи на старицата внимателно а старицата само и рече: “Одамна не ме посетиле луѓе. Добредојде на врвот.” Старицата и објасни дека и таа некогаш била како неа, дете на шумата и целиот свој живот го поминала во дивината. Кога девојката малку се опушти и и’ раскажа на старицата за своите доживувања и за своите новодобиени моќи, старицата само ја гледаше смирено и со широка насмевка. Кога почна да зборува зборуваше тивко и милозвучно, како да зборува со птичји глас. “Илузии. И јас некогаш мислев дека поседувам такви моќи. Дека можам да лечам со допир и поглед. Дека можам да зборувам со животните и дека можам да ги употребам тие моќи на се’ живо па и на луѓето. Но животот што го поминав во дивината и искуството што го стекнав во мојот долг пат ми велат дека се тоа само илузии на самата природа.

Билката пораснала затоа што се стреми кон сончевите зраци за да преживее. А ластовиците и не се толку кревки за еден пад од дрвото да ги спречи да летаат.

Не постојат мистични сили кои можеш да ги најдеш или совладаш, тоа се само лаги да се плашат простите луѓе од магии. Луѓето од кои кога бев млада како тебе избегав. Мој совет ти е да се вратиш кај луѓето и никогаш повеќе да не се обидуваш да бидеш нешто повеќе од тоа

што вистински си. “

Младата девојка се задлабочи во мислите разгледувајќи ги зборовите на старицата. Навистина дојде до заклучок дека несака да го заврши својот живот како оваа старица. И вети на старицата дека ќе се врати меѓу луѓето и имаше замисла дека човекот не треба да биде нешто повеќе од тоа што е: Човек. Жена. Доби голема желба да се врати меѓу луѓето, мислејќи за себе дека и се еднакви... но некаде на пол-пат од планинската патека нејзината тврдоглавост ја натера повторно да си живее на свој начин и да продолжи да верува во своите моќи... никогаш не дозна дека откако исчезна од видното поле на старицата зад старицата се појави истиот сив волк. Старицата го препозна неговиот мирис и ги слушна неговите шепи по тревата.

Волкот ја отвори челуста и прозборе: “Кала на глутницата и треба твојата помош, малечките се болни и не сакаат да цицаат. Ќе дојдеш ли да ги положиш своите дланки на нив и да ги излечиш со светлина?”

Старицата зема длабоко воздух и цвеќињата и тревата околу карпата како да се навалија од ветерот накај неа, се расцветаа и позеленеа. Околу нејзиното тело почна да сјае аура од жолтеникаво-зеленкаста светлина, белите влакна на крзното од сивиот волк потемнеа и се подмладија. Нејзиниот поглед беше фиксиран на сонцето. “Кала ако не дојдеш веднаш... ќе ти го раскинам вратот на парчиња.” –рече сивиот волк.

“Доста се шегуваш со мене. Се надевам дека уште не си ја заборавил онаа зима кога ти го спасив животот?” –му возврати Кала.

Волкот ја следеше како куче и а таа брзаше кон неговото дувло. “Која беше девојката Кала?” –ја праша додека се пробиваа низ дрвјата. “Некоја што има потенцијал да го работи мојот занат. Но успеав да ја разубедам дека мојата моќ не постои. Нема никогаш да ја дознае вистината. Веројатно не ја чула поговорката дека занаетот не се учи туку се краде. А јас сакам да бидам единствената во мојот занат. Не сакам да делам моќ со никого.” –се насмевна Кала. Сивиот волк само ги покажа забите: “Сакаш да ја убијам?” -“А ти сакаш да ти ги излечам малечките?”

Вештерката наречена “Лудата Лисица”

“Подготовка”

Пушеше цигара и му беше слатка како мед и горчлива како пелин. На работа додека траеше пушачката пауза нормално во просторија со знак забрането пушење, слушна теорија за пушењето што одеше вака:”Нели земјата е издупена од озонски дупки, ефект на стаклена градина и глобално затоплување и смог, цигарите што ги пушиме се само подготовка за идната загаденост на воздухот, спремање за природни еволутивни мутации во гените на идните генерации кои ќе бидат приморани да живеат во позагаден воздух и ќе бидат благодарни еден ден поради тоа што нивните предци пушеле. Како не бе “важи” си рече на себе ја доврши цигарата и се врати на работа бидејќи имаше други обврски и подготовки за остатокот од денот.

-Секојдневниот откажувач од цигари

Иван Стојановски